Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

МАКЕДОНСКА ПРВА ЛИГА | МАКЕДОНСКА ЖЕНСКА ЛИГА | МАКЕДОНСКА ВТОРА ЛИГА | МАКЕДОНСКА ТРЕТА ЛИГА

# КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Согласно членовите 41.1, 42.9.6, 43.12 и 61.2 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, комесарот за натпреварување на ден 20.05.2024 година ги донесе следните:

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 13-260/1
21.05 2025 год.

## ОДЛУКИ

### ЗА НАТПРЕВАРОТ:

1. Натпреварот број 1МЧ/20 одигран на 17.05.2025 година, сабота од 19:00 часот, помеѓу екипите на МКК „Куманово АД“ од Куманово и КК „МЗТ Скопје Аеродром АД“ од Скопје, кој се одиграл во салата „Перо Наков“ во Куманово, се регистрира со постигнатиот резултат 61:88 во корист на екипата на КК „МЗТ Скопје Аеродром АД “ од Скопје, согласно членот 50.1 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги;

### ЗА ОРГАНИЗАТОРОТ, ЕКИПАТА НА МКК „Куманово АД“:

2. Поради влегување на теренот за игра на неслужбени лица за време на интервалот за игра помеѓу втората (2) и третата (3) четвртина, односно на полувремето од натпреварот, и поради прекин подолг од пет (5) минути со остранување на публиката од сала, екипата на МКК „Куманово АД“ од Куманово, се казнува со:

- Настап без публика на домашен терен на еден (1) натпревар - плеј оф, втор натпревар од серијата подобар од три (3) за третото место против екипата на КК „Работнички АД“, за сезона 2024/25 година, и 16.000 денари, согласно членот 55.13 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги,

- Настап без публика на домашен терен на два (2) натпревари (сезона 2025/26) и 32.000 денари, согласно членот 55.8 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги,

- Дополнително, настап без публика на домашен терен на еден (1) натпревар (сезона 2025/26) и 352.000 денари, согласно членовите 15.4 и 15.2 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Од делегатскиот извештај:

„Се беше во ред до крајот на првото полувреме. На полувремето, двајца гледачи, преку просторот каде што се столчињата, го нападнаа играчот на домашната екипа Тадиќ Т. (338) со цел да му го одземат дресот.
Тука настана голема турканица, каде, голем број на гледачи влегоа на теренот. Морам да истакнам брза и ефикасна реакција на полицијата со која турканицата беше експресно смирена.
Играчот Тадиќ Т, на мое прашање дали беше удрен, одговори - не. Двајцата навивачи се приведени.
На излегување спрема соблекувалната, на полувреме, од директорот на МЗТ Скопје ми беше пријавено дека бил удрен играчот Миловановиќ М. (931).
На мое прашање дали туркањето треба да биде пријавено, одговори дека не сака.
Морам да напоменам дека јас и судиската тројка не бевме во можност да го видиме туркањето.
По ова беше одлучено да се испразни салата.
Натпреварот продолжи со 10 (десет) гледачи од екипа А и 10 (десет) гледачи од екипа Б.

Првото полувреме заврши во 19:52 часот, а третата четвртина започна во 20:30 часот. Заедно со интервалот за одмор прекинот траеше 38 минути.

Од изјавите на службените лица на натпреварот (судиите и делегатот):

„...На натпревар кој се карактеризираше со фер и коректен однос од актерите на истиот, но и од навивачката група на домашната екипа (до спорниот момент), веднаш по завршувањето на втората четвртина и приближувањето на судиската тројка кон записничката маса, забележав како едно лице му се приближи на играчот со бр. 10 од МКК Куманово (Тадиќ) и почна да го влече за дресот, со цел насилно да му го соблече.
Веднаш потоа и други лица се придружија заобиколувајќи го играчот, барајќи истиот да го соблече дресот. Во тој момент веднаш се создаде голема турканица од повеќе навивачи, која беше брзо разбиена од редарите и од полицијата.
Ние заедно со делегатот и контролорот на натпреварот останавме немо да го посматраме случајот, додека екипите се пробиваа кон соблекувалните низ топлпата гледачи. Кога ситуацијата малку се смири, после некои 3-4 минути, се упативме кон соблекувалните, каде по утврдување на посведочените факти, донесовме одлука да ја испразниме салата во целост и натпреварот да се доигра пред празни трибини.
На патот кон соблекувалните, во ходникот, бев информиран дека играчот Тадиќ нема телесни повреди.
Од тренерот на КК МЗТ Аеродром, пак, бев информиран дека играчот со бр. 5 – Миловановиќ, на патот кон соблекувалната наводно бил оттурнат од неодговорен гледач, но дека нема никакви повреди.
Судиската тројка, заедно со делегатот и контролорот, не може да го потврди, ниту негира оттурнувањето на играчот Миловановиќ, од причина што во тој момент немвме визуелен контакт со делот кој води кон соблекувалните".

Од изјавата на играчот на КК „МЗТ Скопје Аеродром АД", Миловановиќ М.:

„На крајот од првото полувреме од натпреварот против МКК „Куманово АД" во Куманово, тргнав кон соблекувалната кога се случи мешаница на теренот. Додека забрзано се движев за да стигнам до влезот од ходникот кој води кон соблекувалните, некој во таа мешаница ме турна. Во брзање, не успеав да го видам, ниту би можел да го препознаам, со оглед на тоа што единствена цел ми беше што побрзо да стигнам до соблекувалната".

Играчот на МКК „Куманово АД" Тадиќ Т., до 13:35 часот кога и се пишуваше оваа одлука немаше доставено изјава за случувањата на полувремето.

При одмерувањето на овие казни за екипата на МКК „Куманово АД", земено е и следново:

За однесувањето на своите навивачи во оваа натпреварувачка сезона (2024/25), екипата на МКК „Куманово АД" од Куманово, е казнета:

- Согласно казните бр. 13, 14, 15 и 16 објавени во билтенот бр.7 од 22.11.2025 година, екипата на МКК „Куманово АД" од Куманово како домаќин, односно организатор на натпреварот против екипата на КК „Феникс 2010 АД" е казнета со вкупна парична казна во износ од 64.000 денари и настап без публика на домашен терен на два (2) натпревари, коло 9 и 11;
- Согласно казната бр. 5 објавена во билтенот бр.23 од 4.04.2025 година, екипата на МКК „Куманово АД" од Куманово како домаќин, односно организатор на натпреварот против КК „Чаир 2030 АД" е казнета со вкупна парична казна во износ од 32.000 денари и настап без публика на домашен терен на два (2) натпревари, плеј оф, четвртфинале (1/4) против екипата на КК „Кожув АД", сезона 2024/25.

Врз основа на горенаведеното, комесарот за натпреварување одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Поука: Против оваа одлука дозволена е жалба до Арбитражна комисија на КФСМ во рок од 24 часа од приемот на одлуката.

Комесар за натпреварување,

Александар Милојевиќ

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА